Врз основа на член 52, став 2, алинеи 1 и 5, член 90, став 1, алинеја 3 од Законт за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) и член 34, ставовите, 1, 2, 3 и 4 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година, Интеруниверзитетската ректорска управа во Република Северна Македонија објавува

**ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК бр. 1/2021**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Сверна Македонија, во **Одборот за евалуација на високото образование**

➢ **1 (едно) лице од редот на професорите**, во работен однос на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, од научноистражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација **природно-математички науки;**

*Услови за избор:*

- да има објавено најмалку 10 научни труда во референтна научна публикација;
- да не е избран за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Националниот совет или Одборот за акредитација.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае 5 работни дена, сметано од денот на објавувањето.
Документите се доставуваат по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска ректорска управа**
**на Република Северна Македонија**